

**Антимакедонската СДС се обидува својата неспособност да ја покрие со лаги - во време на Мицкоски цената на струјата се намали, а сега во нивно време поскапува**

Штетните политики на антимакедонската СДС во енергетиката, граѓаните ги чувствуваат по својот грб. Затоа антимакедонската СДС се обидува со лаги и манипулации да ја покрие својата неспособност, неодговорност и криминалите. Но фактите се очигледни.

Во време на Ковачевски се купува струја 30% поскапа од HUPX, додека претседателот Мицковски како директор набавуваше 40% поевтина струја за народот.

Домашното производство на струја во време на антимакедонската СДС е за 3 тераватчаса намалено, па затоа сега граѓаните плаќаат 50% поскапа струја, а индустријата дури за 400%.

Поради криминалните бизниси и матните тендери на власта на СДС државните компании ЕЛЕМ и МЕПСО станаа загубари, ама затоа трговците блиски до власта инкасираат огромни заработки, па така само за неколку дена имаат заработка од 600 илјади евра.

Патем владата предводена од антимакедонската СДС призна дека дозволува и толерира крадење на струја која граѓаните ги чини десетици и стотици милиони евра.

И на крајот кога претседателот Мицкоски беше директор цената на струјата се намали, а кога Ковачевски е премиер таа се зголемува.

Очигледна е неспособноста на антимакедонската СДС. Сега за да се оправдаат лажно го обвинуваат ВМРО-ДПМНЕ, а за скоро ќе почнат и народот. Власта ништо не направи за да ја дочекаме зимата подготвени, туку напротив беа фокусирани на криминалот. Како што ќе расте незадоволството на народот, очекуваме да растат нервозата и лагите на СДС.